# Важноста на преминот помеѓу формално и неформално изучување на природните наук

Боце Митревски

*Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Македонија*

**Апстракт.** Изучувањето на природните науки е взаемен процес што се одвива во училиште и надвор од училиштето. Наставниците често пати не обрнуваат внимание на можностите за учење во средина која е поразлична од училишната, иако постојат огромни можности за учење во едно такво опкружување. Резултатите од повеќе истражувања даваат докази за тоа дека активности надвор од училиште може да придонесат во изучување на природните науки. Целта на ова студија е да го истражи преминот помеѓу два комплементарни начини на изучување на природните науки: формалното и неформалното учење. Истражувањето разоткрива дека наставниците по природни науки не се доволно упатени во целта, организацијата и техниките при неформалното изучување на природните науки. Резултатите покажуваат дека учениците имаат потреба од можности за изучување на природните науки надвор од училишната средина и дека е потребно да ги мотивираме и помагаме во когнитивното и афективното подрачје.